


# ЕКО-СВЕСТ

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

Нашата етика и принципи

1/1/20

# ШТО ПРЕТСТАВУВА КОДЕКСОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ И ЗА КОГО Е НАМЕНЕТ?

Овој Кодекс на однесување е наменет за сите вработени, волонтери, практиканти, итн. (“персонал“) во ЕКО-СВЕСТ. Почитувањето на овој Кодекс на однесување е услов за вработување.

Овој Кодекс на однесување претставува водич за тоа како да се “живеат“ етичките вредности на ЕКО-СВЕСТ во секојдневието.

# ПРИНЦИПИ

1. Бидете независни, дејствувајте во независно својство од партиската припадност.

2. Употребувајте ги најдобрите научни информации и достапни податоци.

3. Воспоставете дијалог со засегнатите страни и вклучете ги локалните заедници.

4. Градете партнерства.

5. Работете одговорно, со отчетност и транспарентност.

6. Сведете го на минимум нашето влијание врз животната средина, почитувајте го законодавството за заштита на животната средина и охрабрете ги другите да го направат истото.

Етичките принципи го одредуваат однесувањето на едни кон други, кон јавноста, властите и организациите, медиумите и инфлуенсерите на мислења, нашите корпоративни партнери, нашите добавувачи и консултанти, како и нашите институции

**Етичко однесување: Морално добро или правилно однесување**

**Интегритет: Квалитет на искреност и силни морални принципи.**

# 1. ПОЧИТ КОН КОЛЕГИТЕ

## 1.1. ПОЧИТ КОН РАЗНОВИДНОСТА, ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ, РАМНОПРАВНОСТА И РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

ЕКО-СВЕСТ е работодавач којшто промовира еднакви можности и третман при вработувањето. Сите одлуки за вработување се засноваат на заслуги, квалификации и способности. Ниту еден кандидат за работа или вработен нема да добие неповолен третман врз основа на националното или етничкото потекло, верската или политичката припадност, полот, брачниот статус, сексуалната ориентација, попреченоста, класата или возраста. ЕКО-СВЕСТ активно ја поддржува родовата еднаквост на сите нивоа во организацијата и гарантира дека политиките, програмите и активностите имаат еднаков бенефит за жените и мажите и придонесуваат за родовата рамноправност. Целиот персонал, а особено менаџерите, мора да ја почитуваат разновидноста и да прават напори за спречување на дискриминирачки практики.

## 1.2. ЗАБРАНА ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДОЛЖНОСТА, ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И АНТИСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

ЕКО-СВЕСТ е силно решена да одржува работна средина ослободена од какво било антисоцијално однесување и нема да го толерира таквото однесување. Менаџерите се одговорни за доброто однесување на тимовите и активно решавање на проблемите.

**Вознемирување**: навредливи, застрашувачки, понижувачки, навредливи, злонамерни или заканувачки коментари или однесување кон друго лице коешто постојано се повторува. Ова вклучува и врсничко насилство.

**Сексуално вознемирување**: принуда од сексуална природа или непожелно или несоодветно ветување на награди во замена за сексуални услуги.

## 1.3. ЗАШТИТА ОД ОДМАЗДА

ЕКО-СВЕСТ е посветена кон заштита на вработените кои споделуваат проблеми поврзани со несоодветно однесување пријавено со добра намера од каква било форма на одмазда. Секој член на персоналот кој ќе изврши одмазда ќе подлежи на соодветна дисциплинска мерка, вклучувајќи и престанок на работниот однос. Доколку направиме увид и последователно на тоа веруваме дека сме подложени на одмазда од било каков вид, истото мора веднаш да го пријавиме.

# 2. ПОЧИТ КОН ОПШТЕСТВОТО И ЗАЕДНИЦИТЕ

## 2.1. РАБОТЕЊЕ СОГЛАСНО ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРИНЦИПИ

Ние ги почитуваме човековите права при спроведување на нашите активности, во нашата канцеларија, кампањите, доброволната поддршка, собирањето средства, како и при вработување. Ова подразбира фер третман на вработените и нивна заштита од експлоатација, физичка казна или присилно слугување, како и почитување на сите важечки закони за работни односи. Исто така, ја почитуваме и придонесуваме за родовата разновидност и рамнотежа во нашата работа. Ние соработуваме со локалните заедници како дел од нашата работа за да ги разбереме нивните позиции и потреби сé со цел заеднички да работиме кон решавањето на еколошките проблеми со кои се соочуваат.

## 2.2. ОТВОРЕНОСТ КОН ПРОБЛЕМИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Доколку посведочите или примите жалба за каква било штета направена кон заедниците, ранливите групи или поединци во спроведувањето на нашата работа, ве молиме веднаш да го пријавите истото.

# 3. ПОЧИТУВАЈТЕ ГИ ЗАКОНИТЕ

## 3.1. НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА ИЗМАМА, КОРУПЦИЈА, ПОТКУП, ЗАГОВОР

• Измама: намерна измама од страна на секој на кого му се доверени ресурсите на ЕКО-СВЕСТ, за личен бенефит или со цел да му наштети на ЕКО-СВЕСТ;

• Корупција: злоупотреба на доверени овластувања за сопствена корист. Ова вклучува: Поткуп - нудење, давање, примање или барање нешто вредно со цел да се влијае врз работата на службеното лице при извршување на неговите или нејзините јавни или законски должности; Плаќање за олеснување - плаќања со цел обезбедување или забрзување на рутински административни или активностите на властите; Изнуда, проневера, злоупотреба, лажно претставување, прикривање на материјални факти за да се добие неправедна предност, итн.

• Заговор со други лица за било кое од горенаведените со цел да се добие колективна предност (обезбедување забава, услуга или подароци во остварувањето на деловните односи). Ние мора да се осигураме дека таквите размени се, и се сметаат за легални, нематеријални и немаат намера да влијаат врз бизнисот. Во секој случај, мораме да обрнеме особено внимание на ова при соработка со владини претставници. Ве молиме запомнете дека ваквите прекршувања од страна и на само еден член од персоналот можат да го нарушат угледот на ЕКО-СВЕСТ.

### 3.2. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

ЕКО-СВЕСТ се обврзува да ја почитува приватноста на личните информации на своите вработени, донатори или други лица, чии податоци ги имаме на располагање. Доколку имаме пристап до такви податоци, ги следиме правилата за безбедност и приватност на податоците. Ве молиме запомнете, личните податоци на поединецот се заштитени со закон и секое прекршување може да доведе до преземање правни дејствија.

### 3.3. СПРЕЧУВАЊЕ НА КРИМИНАЛНИ АКТИВНОСТИ ПРИ ПРИМАЊЕ И ДИСТРИБУИРАЊЕ НА СРЕДСТВА

ЕКО-СВЕСТ ги почитува владините санкции против криминални активности, вклучително и тероризам. Ве молиме да се осигурате дека обраќаме должно внимание кога обезбедуваме средства на организации или поединци, или пак, кога избираме и плаќаме добавувачи. Исто така, забрането е да се прифаќаат донации кои свесно помагаат и поттикнуваат даночно затајување, перење пари, тероризам или некоја друга нелегална активност. Ова е причината зошто високо ограничени анонимни донации не се прифаќаат.

# 4. БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА

### 4.1. ЗДРАВСТВЕНА БЕЗБЕДНОСТ И СИГУРНОСТ

ЕКО-СВЕСТ ги презема сите разумни чекори со цел да го осигура здравјето и безбедноста на персоналот и да управува со здравствените и безбедносните ризици. Ние имаме активна улога во заштитата на сопственото здравје, безбедноста и сигурноста. На пример, ние секогаш носиме сигурносни појаси, ги почитуваме правилата за ограничување на брзината и пред да патуваме ги проверуваме официјалните медицински и безбедносни препораки за конкретните дестинации, особено за регионите со висок ризик. Ние не користиме авиокомпании коишто се наоѓаат на црна листа и ги почитуваме локалните правила и процедури за здравје, безбедност и сигурност. Ако сметаме дека нашето здравје или безбедност се загрозени, имаме право да ја изразиме оваа загриженост и, доколку е оправдано, да одбиеме активност што ја сметаме за опасна, без таквото одбивање да се одрази лошо на нашата работа или да предизвика последици.

# 5. ШТИТЕТЕ ГО УГЛЕДОТ НА ЕКО-СВЕСТ

### 5.1. ИЗБЕГНУВАЈТЕ КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

Ние мора да дејствуваме во согласност со нашата законска должност за лојалност, што значи да дејствуваме во најдобар интерес на ЕКО-СВЕСТ при извршување на нашата работа. Конфликт на интереси настанува кога постои личен, семеен или деловен однос, или каква било активност, интерес или поврзаност надвор од ЕКО-СВЕСТ што може да ја

наруши нашата способност да дејствуваме во најдобар интерес на организацијата или што може да даде слика на мешање во нашите одговорности во име на ЕКО-СВЕСТ. Треба да избегнуваме секакви ситуации на конфликт на интереси. Ако се најдеме во ситуација на потенцијален или вистински конфликт на интерес, мора веднаш да го откриеме во писмена форма до нашиот Управен одбор. Ситуацијата ќе биде разгледана и ќе се преземат активности за да се осигура дека конфликтот не може да се злоупотреби или да се смета дека е злоупотребен.

### 5.2. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НАДВОР ОД ЕКО-СВЕСТ

Платената работа надвор од работното место во ЕКО-СВЕСТ мора секогаш да му биде откриена на нашиот Извршен директор и Управен одбор.

### 5.3. ПРИМАЊЕ НА УСЛУГИ, ЗАБАВА ИЛИ ПОДАРОЦИ

Сите примени подароци мора да бидат пријавени до раководството. Попустите и провизиите овозможени од страна на ЕКО-СВЕСТ се во корист на ЕКО-СВЕСТ, а не на персоналот. Во секој случај, не е дозволено давање и примање на пари како подарок.

### 5.4. ПРАКТИКУВАЈ ГО ОНА ШТО ГО ПРОПОВЕДАШ

Со оглед на влијанието врз животната средина и трошоците, ние практикуваме да патуваме само кога тоа е апсолутно неопходно и притоа ги користиме најекономичните и најеколошки транспортни средства, вклучително и јавниот превоз кога е тоа возможно. Во локалното опкружување, ние пешачиме, возиме велосипед или користиме електрични скутери за да избегнеме употреба на возила, колку што е можно повеќе. Добиваме дозвола и плаќаме за лични патувања кога се во прашање патувањата поврзани со ЕКО-СВЕСТ. Ја намалуваме личната потрошувачка на електрична енергија, греење, хартија и вода. Го одделуваме произведениот отпад и го употребуваме повторно колку што е можно повеќе. Ние нема да се вклучиме во надворешни или лични дејности коишто се натпреваруваат или не се согласуваат со мисијата на ЕКО-СВЕСТ и нашите принципи.

### 5.5. ЗАШТИТА НА НАШИОТ УГЛЕД

Ние водиме грижа за градење на партнерства. Ве молиме осигурајте се дека ЕКО-СВЕСТ никогаш нема да прифати донации, или да соработува со поединци, групи или организации кои можат сериозно да му наштетат на нашиот углед, интегритет, непристрасност или способност да ја испорачаме нашата стратегија или мисија. Ние нема да се финансираме од индустрии и компании поврзани со производство на фосилни горива, тешки метали и рударство, хемиски и фармацевтски производи, вооружена опрема, тутун, нуклеарна енергија и други големи загадувачи. Секој од нас е одговорен да ги разбере ваквите ограничувања пред да се вклучи во корпоративниот сектор.

# 6. ЗАШТИТА НА РЕСУРСИТЕ НА ЕКО-СВЕСТ

## 6.1. ПАРИ И ФИНАНСИИ

Внимателно трошење на нашите средства.

Пред да се обврземе на било каков трошок, но и кога патуваме, се запрашуваме дали е тоа потребно, вредно, релевантно, во согласност со законот и дозволено од страна на донаторите.

Ефикасно користење на нашето време.

Времето е многу вредно средство, за коешто и плаќаат донаторите. Ние ефикасно управуваме со нашето работно време и со она на нашите колеги, и ги почитуваме нашите канцелариски правила поврзани со работното време, одморите, итн.

Набавка и длабинска анализа.

Сите набавки на стоки и услуги над вредносниот праг, вклучително и ангажирање на консултанти и изведувачи, е предмет на претходна длабинска анализа. Ова вклучува барање и прегледување на конкурентни понуди, проверка на цените во однос на пазарот, преглед на квалитетот, добивање препораки, тестирање на способностите на давателите да ги испорачаат услугите, како и нивната подготвеност да ги исполнат стандардите на ЕКО-СВЕСТ. Ова гарантира дека добиваме висок квалитет и вредност за парите доделени од нашите донатори.

Гаранција дека нашите партнери ги следат нашите стандарди.

Ние очекуваме нашите партнери и консултанти кои се вклучени во имплементација на активности и на кои им се доверени нашите средства да ги исполнат етичките принципи на ЕКО-СВЕСТ. Ако ЕКО-СВЕСТ ангажира лица за работа во наше име, ние мора да се осигураме дека тие ги користат нашите средства законски, разумно и етички и дека целосно ги извршуваат своите обврски.

Гаранција дека имаме надлежност за извршување од страна на ЕКО-СВЕСТ.

Ние сме одговорни да ги познаваме и почитуваме границите и процедурите на нашите надлежности да потпишуваме договори и други обврски во име на ЕКО-СВЕСТ.

Одржување на точни книги и записи.

Ние изготвуваме и чуваме точни, вистинити, транспарентни, целосни и ажурирани информации (вклучувајќи записи, извештаи и барања за трошоци). Имаме законска должност да ги чуваме овие записи, за ревизорски цели, правни процедури или по барање на властите. Ние мора внимателно да ги заштитиме овие записи и да се заштитиме од загуба, особено за време на правна постапка.

## 6.2. ФИЗИЧКИ СРЕДСТВА

Грижете се за средствата на ЕКО-СВЕСТ.

Ние внимателно се грижиме за средствата на ЕКО-СВЕСТ (објекти, опрема, кредитни картички и сл.), како и за ИТ ресурсите (телефони, електронски уреди и алатки за комуникација, факс, вклучувајќи и податоци коишто се складирани или пренесени). Ние ги следиме упатствата за употреба со цел да обезбедиме сигурност на средствата. Исто така ги заштитуваме од загуба, кражба или оштетување. Дозволена е и лична употреба од случаен карактер, доколку не е во спротивност со интересите на ЕКО-СВЕСТ и доколку не ни го одвлекува вниманието од нашата работа. Во случај на загуба, оштета или кражба поради невнимание, ЕКО-СВЕСТ може да побара надомест. Ние мораме разумно да ги користиме телефоните и пристапот до интернет со цел да ги намалиме временските трошоци.

## 6.3. НЕФИЗИЧКИ СРЕДСТВА

Права на интелектуална сопственост.

Ова вклучува трговски марки, авторски права, дизајни, патенти, знаење (*know how*), имиња на домени, фотографии, дизајни на веб -страници, сличности, индустриска или комерцијална сопственост, логоа, видеа, публикации, процеси, цртежи, база на податоци итн. Ние сме организација базирана на наука и податоци којашто произведува истражувања и литература. Сите овие се вредни средства што треба да ги заштитиме од неовластена употреба или злоупотреба. Покрај заштитата на нашата интелектуална сопственост, ние мора да го сториме истото и за оние права на интелектуална сопственост коишто ни се доверени (на пример, авторски права на партнерите, софтвер, фотографии, публикации). Исто така, ние купуваме и користиме соодветен лиценциран софтвер.

Доверливи информации.

Ова се информации кои не се од јавен карактер. Ова може да бидат информации во врска со организацијата, списоци на донатори, развојни планови, знаење (*know how*), истражувачки проекти, финансиски информации, зделки со власти и влади, стратешки планови, трговски тајни, и други информации од не-јавен карактер во коишто имаме увид за време на нашата работа. На ЕКО-СВЕСТ, исто така, може да им се доверат доверливи информации од нашите партнери, на пример, поврзани со нивните работи, производи, операции, стратегии, клиенти, извори и логистика.

Сопственички информации.

Ова се информации коишто ги поседуваме, а коишто не се јавни. Ова може да вклучува интелектуална сопственост (како на пример, трговски марки, бази на податоци, дизајни), доверливи информации (информации кои не се јавни, но можат да припаѓаат на други) и лични информации (податоци за персоналот, информации за плата, база на податоци за донаторите, итн.).

Ние мора безбедно да ги чуваме нашите доверливи и сопственички информации, како и на другите, и да избегнуваме какво било откривање на оние кои не се овластени да имаат пристап до нив. Можеме да ги споделиме само со оние кои треба да ги знаат и имаат

легитимна основа за пристап до овие информации, откако ќе се осигураме дека потпишале договор за доверливост. Понекогаш овие информации се опфатени и со други закони (на пример, заштита на податоци), но во тој случај откривањето, исто така, може да биде ограничено согласно законот. Обврската за безбедно чување на ваквите информации продолжува и по напуштањето на ЕКО-СВЕСТ.

**Совети: Не разговарајте за овие информации на јавни места, на пример кога чекате лет. Не разговарајте за овие информации со членовите на семејството. Во ред е да одбиеме да споделиме информации ако сметаме дека на примателот не му е дозволено да има пристап до таквите информации**

# 7. КОМУНИЦИРАЈТЕ ПАМЕТНО

## 7.1. БРЕНДОТ НА ЕКО-СВЕСТ

ЕКО-СВЕСТ е еден од најпознатите брендови во Македонија. Ние го заштитуваме нашиот бренд почитувајќи ги упатствата за бренд на ЕКО-СВЕСТ со цел да придонесеме кон доследен и кохерентен пристап кон нашиот визуелен и вербален идентитет.

## 7.2. СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ И ЈАВНА КОМУНИКАЦИЈА

ЕКО-СВЕСТ ги почитува правата на вработените за лични мислења и припадности. Но, кога комуницираме јавно и преку медиуми, како вработени во ЕКО-СВЕСТ, мораме да бидеме свесни дека создаваме слика за ЕКО-СВЕСТ пред надворешната, широка публика. Затоа, ние:

• само ги претставуваме сопствените ставови во областа на нашата експертиза, даваме и објавуваме значајни коментари вредни за почит, настојуваме да бидеме љубезни и кога не се согласуваме со мислењата на другите и си ги признаваме грешките;

• ги користиме нашите вистински имиња и се претставуваме дека работиме за ЕКО-СВЕСТ;

• не го користиме името на ЕКО-СВЕСТ при претставување на социјалните медиуми (на пример, во корисничко име или “*handle*”); не објавуваме сопственички информации и не ја нарушуваме доверливоста; не оцрнуваме други организации, компании, поединци или ЕКО-СВЕСТ; и свесно не даваме лажни или неточни информации.

## 7.3. МЕДИУМСКИ ИСТРАГИ И УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Понекогаш, се соочуваме со негативен медиумски публицитет, вклучувајќи штетни напади врз нашиот углед или бренд коишто бараат соодветен одговор. Во таков случај, ние не реагираме, туку бараме насоки од соодветни комуникациски или високи менаџери. Доколку ни е дозволено да реагираме, ги користиме само договорените пораки и комуницираме транспарентно, искрено и прецизно.

### 7.4. ТОЛЕРАНЦИЈА И ПОЧИТ ЗА ВРЕМЕ НА ЈАВНИ НАСТАНИ

Личното однесување на целокупниот персонал на ЕКО-СВЕСТ на јавни настани мора да биде беспрекорно во секое време. Ова вклучува постапување во согласност со правилата на однесување на форумот и придружните активности; обезбедување отворен и конструктивен дијалог помеѓу различните страни и набљудувачите, како и покажување почит и толеранција кон туѓата култура и обичаи (на пример, политички и верски убедувања).

# 8. КОГА СЕ ДВОУМИТЕ ПОБАРАЈТЕ ПОМОШ

### 8.1. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ

Мораме внимателно да ги прочитаме нашите политики, кодекси и други услови за вработување што ги добиваме на почетокот и за време на нашето вработување. Ако имаме било какви прашања, ги поставуваме. ЕКО-СВЕСТ им овозможува на вработените да учествуваат на разни обуки, дома и во странство, а ги искористуваме и предностите на поединечни и прилагодени обуки коишто би можеле да бидат спроведени.

### 8.2. ПОСТАВУВАЈТЕ ГИ ВИСТИНСКИТЕ ПРАШАЊА

Кога имаме некаква дилема и не знаеме што да правиме, ги поставуваме вистинските прашања:

- Дали моето делување е легално? Искрено? Етично? Дали е во согласност со вредностите и принципите на ЕКО-СВЕСТ?
- Како може да влијае на угледот и мисијата на ЕКО-СВЕСТ?
- Дали е ова вистинското што треба да се направи? Како ќе се чуствувам доколку сите околу мене би знаеле за тоа?

### 8.3. ИСКАЖУВАЈТЕ ЈА ВАШАТА ЗАГРИЖЕНОСТ

ЕКО-СВЕСТ силно охрабрува да пријавиме доколку сме сведоци или сме загрижени за недолично однесување или незаконски активности. Но, работите не се секогаш јасни. Ова е причината зошто не се очекува од нас да имаме апсолутен доказ за нашата загриженост. Но, треба да имаме основа за тоа и да го пријавиме со добра намера. Прво, можеме да пристапиме на доверлив член на персоналот (нашиот координатор/директор).